**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРИМЕНИТЕ КАНДИДАТИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО I (ПРВ) СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2025/2026**

Запишувањето на студентите во I (прв) зимски семестар на Медицинскиот факултет во Скопје ќе се врши на 4 и 5.09.2025 година (четврток и петок), од 8.30 до 15.00 часот.

При запишување, примените кандидати ги доставуваат следниве документи:

- **Индекс и студентска легитимација** (со залепени слики и пополнет индекс и студентска легитимација);
- **Три фотографии** (две фотографии со димензии **3,5 x 4,5** и една со димензии **2 x 3**);
- **Договор за студирање** (се подигнува на факултетот);

- **Потврда (Образец ПП 50) за уплатена I (прва) рата школарина** и тоа:
  -за студенти запишани **во државна квота 100 евра** (во денарска против вредност), во цел на дознака да се напомене студиската програма: општа медицина, академски или тригодишни стручни студии, се плаќа **<u>на сметката на Медицински факултет;</u>**
  -за студенти запишани **со кофинасирање 200 евра** (во денарска против вредност), во цел на дознака да се напомене студиската програма: општа медицина, академски-логопеди или тригодишни стручни студии, се плаќа **<u>на сметката на Медицински факултет;</u>**
  -за студенти запишани на англиски наставен јазик **со 5.000 евра** (2.500 евра во денарска против вредност), во цел на дознака да се напомене за студиската програма: MED ENGLISH, се плаќа **<u>на сметката на Медицински факултет.</u>**

- Потврда (Образец ПП 50) за уплатени **1.500 денари**, во цел на дознака за „материјални ресурси за реализација на студиските програми“ (годишно) за реализација на студиските програми, се плаќа **<u>на сметката на Медицински факултет;</u>**
- Потврда (Образец ПП 50) за уплатени **169 денари**, во цел на дознака за „електронска картичка за евиденција“ (годишно), се плаќа **<u>на сметката на Медицински факултет</u>**

и тоа на следната сметка:

**СМЕТКА НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

- Депонент: НБРМ ж-сметка: 100000000063095
- Сметка на буџетски корисник: **1600111517 788-13**
- Приходна шифра: 723019-41

- Потврда за уплатени **750 денари** (годишно), во цел на дознака за „ИКСА на УКИМ“, со назнака за Медицински факултет, се плаќа **<u>на сметка на УКИМ-Ректорат</u>**
  и тоа на следната сметка:
  - Депонент: НБРМ на ж-сметка 100000000063095
  - Сметка на буџетски корисник: **1600103689 788-18**
  - Приходна шифра: 723012-41

- За запишување на семестар се генерира образец од IKNOW системот и се плаќа **100 денари,** се плаќа **<u>на сметка на УКИМ-Ректорат</u>**
  и тоа на следната сметка:
  - Депонент: НБРМ на ж-сметка 100000000063095
  - Сметка на буџетски корисник: **1600103689 788-18**
  - Приходна шифра: 723019-41

- **Образец** за запишани студенти на додипломски студии (прв циклус) на факултетите и високите стручни школи - **ВОИ20**, пополнет на платформата**:** **www.uslugi.gov.mk**

Ве известуваме дека во насока на дигитализација на прибирање на податоци, Државниот завод за статистика во соработка со Министерството за дигитална трансформација од академската 2025/2026 година до Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ достави Известување со бр.22-1041/3 од 25.08.2025 година, при што сите студенти при упис/заверка на зимски семестар за академската 2025/2026 година потребно е да достават пополнет Образец ВОИ 20, кој ќе може да го пополнат на платформата www.uslugi.gov.mk

За пополнување на Образецот ВОИ 20, кој е задолжителен, секој активен студент треба да има креирано корисничка сметка на ниско ниво. По успешно пополнетиот образец, студентот ќе добие генериран документ (образец) и потврда за успешно доставен образец.

<u>Потврдата за успешно доставен образец-ВОИ 20 и генериран образец, студентот го доставува во хартиена форма до Одделението за студентски прашања.</u>